Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

К-2-2024

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - втор квартал 2024 година -


## Резиме

- **Економската активност** во К-2-2024 забрза, забележувајќи реален раст од 2,3% на годишна основа, по растот од 1,2% во претходниот квартал, со што економскиот раст во првото полугодие изнесува 1,8%;
- **Бројот на вработени** во К-2-2024 е повисок за 0,3% во однос на истиот квартал од 2023 година. **Бројот на невработени** во К-2-2024 се намали за 5,3%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 12,5%;
- Просечната **нето-плата** во К-2-2024 изнесува 41.424 денари и бележи раст од 13,9% на номинална основа, односно 9,6% на реална основа споредено со нето-платата во К-2-2023;
- Во К-2-2024, вкупните **буџетски приходи** се повисоки за 14,9%, а вкупните буџетски расходи пониски за 1,3% споредено со истиот квартал од 2023 година;
- **Стапката на инфлација** во К-2-2024 изнесува 3,9% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-2-2024 се зголеми за 2,5% на квартална основа;
- Во К-2-2024 е забележан пад на **извозот на стоки** за 5,9%, додека **увозот на стоки** забележа раст за 1,0% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа пад од 2,0%.

## Содржина:

1. Економска активност ..... 3
2. Пазар на работна сила ..... 6
3. Јавни финансии ..... 7
   3.1. Буџетски приходи според економската класификација ..... 7
   3.2. Буџетски расходи според економската класификација ..... 9
   3.3. Расходи по буџетски корисници ..... 10
   3.4. Буџетски дефицит и државен долг ..... 11
4. Инфлација и монетарни движења ..... 12
5. Надворешен сектор ..... 15
   5.1. Надворешнотрговска размена ..... 15
   5.2. Платен биланс ..... 17

# 1. Економска активност

**Економската активност** во К-2-2024 забрза, забележувајќи реален раст од 2,3% на годишна основа, по растот од 1,2% во претходниот квартал, со што економскиот раст во првото полугодие изнесува 1,8%. Сезонски прилагодениот реален раст на БДП во К-2-2024 изнесува 2,0% споредено со истиот квартал од претходната година.

Анализирано според производната страна на БДП, економскиот раст се должи на позитивните остварувања во **услужниот сектор и во градежништвото.** Растот на активноста во услужниот сектор е на широка основа и забележа зголемување за 3,5%. Највисок раст во рамките на услужните дејности има кај Уметност, забава и рекреација за 9,5%, по што следуваат: Стручни, научни и технички дејности за 8,7%, Трговија, транспорт и угостителство за 5,8%, Информации и комуникации за 2,3%, Финансиски и дејности на осигурување за 1,1% и Дејности во врска со недвижен имот за 0,9%. Пад е забележан кај Јавна управа, одбрана, образование и здравство за 0,1%.

Табела 1.1: БДП и компоненти по производен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Сектори | реален раст (%) | | | | придонес во раст (п.п.) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | К1 2024 | К2 2024 | П1 2024 | 2023 | К1 2024 | К2 2024 | П1 2024 |
| Бруто-домашен производ | 1,0 | 1,2 | 2,3 | 1,8 | | | | |
| Земјоделство | -3,8 | -19,7 | -3,2 | -10,7 | -0,3 | -1,4 | -0,2 | -0,8 |
| Индустрија | -0,1 | -1,2 | -2,1 | -1,7 | 0,0 | -0,2 | -0,3 | -0,3 |
| Преработувачка индустрија | -0,8 | -0,3 | 0,7 | 0,3 | -0,1 | 0,0 | 0,1 | 0,0 |
| Градежништво | -2,3 | -2,5 | 5,1 | 1,4 | -0,1 | -0,1 | 0,2 | 0,1 |
| Услужен сектор | 2,5 | 4,1 | 3,5 | 3,8 | 1,4 | 2,5 | 2,1 | 2,3 |
| Трговија, транспорт и угостителство | 3,0 | 6,9 | 5,8 | 6,3 | 0,6 | 1,4 | 1,2 | 1,3 |
| Информации и комуникации | 4,4 | 2,5 | 2,3 | 2,4 | 0,2 | 0,1 | 0,1 | 0,1 |
| Финансиски и дејности за осигурување | 4,4 | -0,1 | 1,1 | 0,5 | 0,1 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 3,7 | 0,1 | 0,9 | 0,5 | 0,4 | 0,0 | 0,1 | 0,1 |
| Стручни, научни и технички дејности | 3,2 | 7,5 | 8,7 | 8,1 | 0,1 | 0,3 | 0,4 | 0,4 |
| Јавна управа, одбрана, образование и здравство | -1,4 | 0,7 | -0,1 | 0,3 | -0,2 | 0,1 | 0,0 | 0,0 |
| Уметност, забава и рекреација | 0,6 | 19,6 | 9,5 | 14,4 | 0,0 | 0,6 | 0,3 | 0,5 |
| Нето-даноци на производи | 1,2 | 1,1 | 3,3 | 2,3 | 0,2 | 0,1 | 0,4 | 0,3 |
| *Резидуал* | | | | | -0,1 | 0,3 | 0,1 | 0,1 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-2-2024) и пресметки на МФ

**Индустрискиот сектор** забележа пад од 2,1%, во услови на зголемено производство во преработувачката индустрија за 0,7%. Согласно високофреквентните податоци за индустриско производство, сите сектори забележаа пад во К-2-2024, при што преработувачката индустрија се намали за 3,4%. Во рамки на преработувачката индустрија, позначителен придонес врз падот имаат гранките: производство на облека, производство на тутунски производи и производство на метали.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Графикон 1.1. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

**Земјоделскиот сектор** регистрира пад од 3,2%, по падот од 19,7% во претходниот квартал, со што продолжуваат негативните остварувања во овој сектор. **Градежната активност** забележа раст од 5,1%, што, согласно месечните податоци за вкупните извршени градежни работи, се должи на растот во сегментите нискоградба за 48,6% и специјализирани градежни работи за 98,0%, додека активноста во сегментот високоградба забележа пад.

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на позитивниот придонес на нето-извозот и на потрошувачката.

Графикон 1.2. Придонес во економскиот раст по компоненти
*(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Потрошувачката** забележа раст од 1,7% на реална основа. Притоа, **приватната потрошувачка** забележа раст од 1,3%, што во најголем дел се должи на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на раст на вработеноста, платите и пензиите во економијата, поддржана и од кредитирањето на домаќинствата. **Јавната потрошувачка** забележа раст од 3,5% на реална основа.

**Бруто-инвестициите** забележаа пад од 1,7%. Сепак, индикативните показатели укажуваат на позитивни движења на инвестициите. Така, СДИ во К-2-2024 забележаа номинален раст од 58,4%, додека увозот на капитални добра регистрираше номинален раст од 15,7%.

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Градежната активност, согласно податоците од производната страна на БДП, има позитивен придонес врз растот на инвестициите. Бруто-инвестициите бележат зголемување во делот на инвестициите во основни средства, а намалување во промената на залихите (пад на увозот на интермедијарни производи за 3,5%).

Намалената екстерна побарувачка резултираше со пад и на надворешнотрговската размена, а притоа и **извозот и увозот на стоки и услуги** истовремено забележаа реален пад од 2,9% и 4,5%, соодветно, при што поради повисокиот пад на увозот од извозот на стоки и услуги нето-извозот бележи позитивен придонес врз економскиот раст.

Табела 1.2: БДП и компоненти по расходен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Компоненти | реален раст (%) | | | | придонес во раст (п.п.) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | К1 2024 | К2 2024 | П1 2024 | 2023 | К1 2024 | К2 2024 | П1 2024 |
| Бруто-домашен производ | 1,0 | 1,2 | 2,3 | 1,8 | | | | |
| Финална потрошувачка | 1,9 | 2,1 | 1,7 | 1,9 | 1,6 | 1,9 | 1,6 | 1,7 |
| Приватна | 2,4 | 2,0 | 1,3 | 1,7 | 1,7 | 1,4 | 1,0 | 1,2 |
| Јавна | -0,6 | 2,4 | 3,5 | 2,9 | -0,1 | 0,4 | 0,6 | 0,5 |
| Бруто-инвестиции | -16,7 | 23,6 | -1,7 | 9,2 | -6,0 | 5,5 | -0,4 | 2,2 |
| Извоз на стоки и услуги | -0,1 | -7,8 | -2,9 | -5,4 | -0,1 | -6,1 | -2,2 | -4,2 |
| Увоз на стоки и услуги | -5,8 | 0,2 | -4,5 | -2,2 | -5,5 | 0,2 | -4,2 | -2,1 |
| Нето-извоз | | | | | 5,4 | -6,3 | 2,0 | -2,1 |
| *Резидуал* | | | | | 0,0 | 0,2 | -0,9 | -0,1 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-2-2024) и пресметки на МФ




Извор: Евростат и национални заводи за статистика
*Расположливите податоци за Западен Балкан (6) се однесуваат на земјите: Србија, Црна Гора, С. Македонија, БиХ, Албанија и Косово

## 2. Пазар на работна сила

Од почетокот на 2021 година, во сите земји членки на ЕУ се спроведува Анкета за работната сила во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 2019/1700 на Европскиот парламент и Советот за социјална статистика и соодветната извршна регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 2019/2240 за областа работна сила. РСМ ги имплементираше овие регулативи во 2023 година, а претходната Регулатива (ЕЗ) бр. 577/98 е укината. Овие промени предизвикаа прекин на временските серии на податоци, па во таа насока податоците започнувајќи од 2023 година не се споредливи со податоците од претходните години.

### Вработеност

Во К-2-2024, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** е зголемен за 0,3%, односно за 2,0 илјади лица во однос на истиот квартал од 2023 година. Најголем раст на вработеноста се забележува во земјоделскиот сектор (4,2 илјади лица или 7,0%), а раст забележа и здравството од 9,0%, или 4 илјади лица. Од друга страна, пак, позначителен пад на вработеноста забележа градежништвото (12,5% или 6,7 илјади лица).

Од вкупниот број вработени, 515.297 лица се вработени во субјекти во приватна сопственост (74,5% од вкупно вработените), додека 176.439 лица се вработени во субјекти од мешовита, задружна или државна сопственост (25,5% од вкупно вработените).

**Стапката на вработеност** во К-2-2024 изнесува 45,6% и во однос на истиот квартал од 2023 година е зголемена за 0,1 п.п..

### Невработеност

**Бројот на невработени** е намален за 5,5 илјади лица, односно за 5,3% во однос на истиот квартал од 2023 година.

**Стапката на невработеност** во К-2-2024 се намали на 12,5%, односно за 0,6 п.п. во споредба со истиот квартал од 2023 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,4 п.п. (Графикон 2.1).

Графикон 2.1 Пазар на труд




Извор: Државен завод за статистика

Стапката на невработеност во категоријата 15 - 64 години изнесува 12,6%, додека кај младите (возрасна група од 15 до 29 години) изнесува 22,8% и во однос на К-2-2023 година овие стапки се намалени за 0,6 п.п. и 1,7 п.п., соодветно. Според половата структура, стапката на невработеност е намалена за 1,3 п.п. кај женското население и изнесува 11,5%, што е за 1,6 п.п. помалку од

невработеноста кај мажите, којашто е намалена за 0,2 п.п. и изнесува 13,1%.

### Активно население

**Бројот на активно население** е намален за 3,5 илјади лица, односно за 0,4% на годишна основа. Активното население во К-2-2024 сочинува 52,1% од вкупното работоспособно население, што претставува намалување за 0,3 п.п. во споредба со истиот квартал од 2023 година.

### Плати

Просечната месечна **нето-плата** во К-2-2024 изнесува 41.424 денари и таа е повисока за 13,9% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2023 година, а на реална основа е зголемена за 9,6% (Графикон 2.2).

Највисока нето-плата во К-2-2024 е исплатена во секторот Информации и комуникации (77.913 денари), по што следат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 59.814 денари, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 53.864 денари и Рударство и вадење камен со 50.992 денара.

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **бруто-плата** во К-2-2024 изнесува 62.231 денар, што претставува раст од 14,2% на номинална основа и 9,9% на реална основа.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-2-2024 учествуваат со 34,8% во кварталниот БДП и се повисоки за 14,9% споредено со вториот квартал од 2023 година, а притоа раст за 17,0% бележат даноците, придонесите за 13,6% и неданочните приходи за 1,5%. Кај даночните приходи, повисока наплата е забележана кај приходите по основ на сите даноци, односно кај данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и другите даночни приходи.

Наплатата на индиректните даноци во К-2-2024 во споредба со К-2-2023 е зголемена за 16,1%, а на директните даноци за 18,7%. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е зголемено за 0,6 п.п. на годишно ниво,

односно од 5,9% колку што изнесуваше во вториот квартал минатата година на 6,5% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година. Учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-2-2024 изнесува 13,6% и е повисоко за 1,0 п.п. во однос на К-2-2023 кога изнесуваше 12,6%.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К2
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Кај **индиректните даноци** доминираат приходите од ДДВ, кои претставуваат 43,9% од вкупните даночни приходи во К-2-2024, а се зголемени за 23,9% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал претходната година, приходите од акцизи се повисоки за 0,4%, а приходите од царински давачки за 12,1%.

Во рамки на **директните даноци**, данокот на личен доход забележа зголемување за 15,1%, а приходите од данокот на добивка за 23,2% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 13,6%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 13,7%, кај придонесите за вработување за 13,6% и кај придонесите за здравствено осигурување за 13,5%.

Графикон 3.2. Остварувања на буџетските приходи во К2 2024
(во мил. денари)




Извор: Министерство за финансии

Во К-2-2024, **неданочните приходи**, кои претставуваат 1,8% од кварталниот БДП, беа реализирани за 1,5% повеќе во однос на истиот квартал од 2023 година.

Во К-2-2024, **капиталните приходи** во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови и приходи од дивиденди беа пониски 17,8% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се пониски за 12,2% во споредба со истиот квартал од 2023 година.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-2-2024, со учество од 39,1% во кварталниот БДП, се пониски за 1,3% споредено со истиот квартал од 2023 година.



Графикон 3.3. Остварувања на буџетските расходи во К2 2024 (во мил. денари)
Извор: Министерство за финансии

**Тековните расходи**, кои претставуваат 36,4% од кварталниот БДП, учествуваат со 93,0% во вкупните расходи и беа реализирани за 13,9% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа зголемување за 13,6%, а расходите за плати и надоместоци за 20,7% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 68,2% во вкупните расходи, беа реализирани за 11,8% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 14,3% и учествуваа со 49,5% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 15,4% и забележаа учество од 31,0% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, во која спаѓаат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, изнесува 18,3% во вкупните расходи и забележа зголемување за 7,0% во однос на вториот квартал од 2023 година. Споредено со К-2-2023, блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување за 11,5%, а субвенциите и трансферите за 1,9%.

Расходите за каматни плаќања се зголемени за 29,5% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување за 51,2%, а каматните расходи по надворешен долг за 21,3%.



Графикон 3.4. Буџетски остварувања во К2 2024
Извор: Министерство за финансии

**Реализацијата на капиталните расходи**, кои претставуваат 2,8% од кварталниот БДП, е пониска за 64,3% споредено со истиот квартал од 2023 година и нивното учество во вкупните расходи изнесува 7,0%.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во К-2-2024 година, **Министерството за труд и социјална политика** реализира 16.174 милиони денари или 25,1% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,5%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 10.914 милиони денари или 25,0% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,7% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 25,5% (3.672 милиона денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, **Министерството за образование и наука** изврши буџетски средства во износ од 9.903 милиони денари или 24,7% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (54,4%) се тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 5.389 милиони денари или 24,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 19,8%, за што се потрошени 1.962 милиона денари, односно 24,9% од вкупно предвидените.

Во К-2-2024 година, **Владата на Република Северна Македонија** реализира вкупно 851 милион денари, односно 22,2% од планираните средства за 2024 година. Притоа, ставката субвенции и трансфери учествува со 53,4% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се 454 милиони денари (21,6% од предвидените средства).

Графикон 3.5. Структура на расходи по буџетски корисници во К-2-2024 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

Во анализираниот период, **Министерството за внатрешни работи** реализира вкупно 3.247 милиони денари, што претставува 22,5% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 73,0%, за што се потрошени 2.370 милиони денари или 24,0% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,2% и за таа намена беа реализирани 591 милион денари или 20,5% од годишниот план.

Во К-2-2024 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализира 3.200 милиони денари што претставува 33,2% од планираните средства за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, ставка којашто учествува со високи 94,7% во вкупните расходи, изнесува 37,1% од планираните средства

за цела година, односно 3.030 милиони денари.

Во периодот К-2-2024 година, **Министерството за здравство** изврши буџетски средства во износ од 1.217 милиони денари или 16,2% од вкупниот буџет за 2024 година. Стоки и услуги има најголемо учество во расходите со 61,4%, за што се потрошени 747 милиони денари или 24,0% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е тековни трансфери до вонбуџетските фондови со реализација од 331 милион денари (9,5% од планираното за годината) и учество од 27,2% во вкупните расходи.

Во овој период **Министерството за одбрана** реализира 5.444 милиони денари, што е 30,1% од вкупниот буџет за оваа година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите со 48,6%, па за таа намена реализацијата изнесува 2.644 милиони денари (43,4% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествува со 27,1% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 1.473 милиони денари, односно 23,4% од вкупно предвидените.

Во К-2-2024 година, **Министерството за транспорт и врски** реализира средства во износ од 1.402 милиона денари, што е 10,7% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 84,5% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (1.184 милиони денари или 9,9% од вкупно планираните средства).

**Во анализираниот период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** реализира средства во износ од 311 милиони денари, што претставува 17,7% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (163 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 52,5%, а притоа се реализирани 25,2% од предвидените средства. По основ на стоки и услуги отпаѓаат 29,4% од вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 91 милион денари или 29,9% од вкупниот буџет за оваа намена.

Во овој период, **Управата за јавни приходи** реализира 1.028 милиони денари, што е 22,7% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, како главна ставка, изнесува 22,8% од предвиденото за цела година (765 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во вториот квартал од 2024 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 9.192 милиона денари или 4,3% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 9.104

милиони денари, односно 4,2% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-2-2024 изнесува 52,1% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 0,6 п.п. во однос на К-1-2024. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-1-2024 е намалено за 0,6 п.п. и изнесува 55,6%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 44,4% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.6. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација** во К-2-2024, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 3,9% на годишна основа. Инфлацијата регистрираше благо забрзување од 0,5 п.п. во споредба со претходниот квартал (3,4% во К-1-2024).

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Во вториот квартал од 2024 година, потрошувачките цени благо забрзаа поради растот на цените на храната, при што удел во растот имаше и тоа што од март 2024 година престанаа да важат мерките за намалување на цените на основните прехранбени производи. Покрај растот на прехранбената компонента, раст забележа и енергетската компонента што е во склад со движењата на цените на светските берзи.

Базичната инфлација регистрира забавување и изнесува 4,8% (5,0% во К-1-2024). Иако забавува, базичната инфлација сѐ уште е отпорна на напорите за нејзино намалување. Најголем придонес во растот на базичната инфлација има категоријата Ресторани и хотели.

Гледано по компоненти, во К-2-2024 растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забрза и тој

изнесува 3,5% (2,3% во претходниот квартал). Гледано според структурата, најголем позитивен придонес во растот имаа цените во поткатегориите: млеко, сирење и јајца, и леб и жита.

Раст на потрошувачките цени во К-2-2024 се забележува и во следните категории: Ресторани и хотели за 7,9%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици[1] за 5,6%, Разновидни стоки и услуги за 5,5%, Транспорт за 5,4%, Здравствена заштита за 4,9%, Рекреација и култура за 4,2%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина за 3,7%, Облека и обувки за 3,1%, Комуникации за 3,0% и Домување, вода, електрика, гас и други горива за 2,1%, додека цените во категоријата Образование се намалија за 0,6%.

Во К-2-2024, цените на мало регистрираа раст од 4,5%.

Во вториот квартал оваа година, Народната банка ја задржа **основната каматна стапка** на нивото од 6,30%, исто како и во претходниот квартал, во услови на значително забавување на инфлацијата и поволен девизен пазар, но и при сè уште присутни ризици.

Во К-2-2024, каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена останаа непроменети и изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.

**Примарните пари**[2] забележаа раст од 6,2% на квартална основа (во претходниот квартал е забележан раст од 13,0%), како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 7,7% и растот на готовите пари во оптек за 4,8%.

Во вториот квартал годинава споредено со К-2-2023, примарните пари се зголемија за 14,0% (во К-1-2024 е забележан раст од 22,3%), како резултат на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 18,7% и 10,2%, соодветно.

Во К-2-2024, најтесната парична маса М1[3] забележа раст од 4,4% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 се зголеми за 2,4%, а најширокиот монетарен агрегат М4 регистрираше раст од 2,8% на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[4] на банките во К-2-2024 се зголеми за 2,5% на квартална основа, по падот од 0,6% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата се зголемија за 2,1% и 2,7%, соодветно. Од аспект на валутата, споредено со

[1] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, при што акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година.

[2] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[3] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[4] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

претходниот квартал, денарските депозити се зголемија за 4,0%, а девизните депозити за 0,6%.

Степенот на евроизација е намален за 0,8 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 42,7%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-2-2024 се зголеми за 0,4 п.п. споредено со претходниот квартал и тоа изнесува 23,8% (во К-1-2024 изнесуваше 23,4%). Во анализираниот период, краткорочните депозити останаа непроменети на квартална основа.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Кредитната активност** на банките во К-2-2024 се зголеми за 2,9% на квартална основа (во претходниот квартал кредитите се зголемија за 1,0%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата за 3,5% и на кредитите кон домаќинствата за 2,5%. Од валутен аспект, во К-2-2024 денарските кредити се зголемија за 5,1%, додека девизните кредити се намалија за 0,2%.

Според рочноста, долгорочните кредити бележат раст од 3,5% во однос на претходниот квартал, а краткорочните кредити се намалија за 0,1%.

**Каматната стапка**[5] на денарските кредити во К-2-2024 изнесува 5,87% и е намалена за 0,03 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-2-2024 изнесува 5,07% што значи дека е намалена за 0,07 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка на денарските депозити во К-2-2024 изнесува 2,33% и забележа раст од 0,08 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 1,44% и е зголемена за 0,09 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-2-2024 изнесува 5,42%, а на новоодобрените девизни кредити 4,75%. Каматните стапки на

[5] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,86% и 2,04%, соодветно.

## 5. Надворешен сектор

### 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-2-2024 изнесува 4.807,0 милиони евра и бележи пад од 2,0% во однос на истиот квартал од 2023 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки
*(во милиони евра)*




Извор: Државен завод за статистика

**Извозот на стоки** во К-2-2024 изнесува 2.000,6 милиони евра и во однос на К-2-2023 бележи пад од 5,9%, а во однос на претходниот квартал раст од 3,7%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), негативни движења во извозот во К-2-2024 во однос на истиот квартал од 2023 година се забележуваат во следните сектори:

- хемиски производи за 16,9% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата хемиски материи и производи за 123,9 милиони евра или за 19,6% );
- производи класирани по материјалот за 5,3% (железо и челик за 27,1 милион евра или 18,2%);
- разни готови производи за 6,2% (облека за 20,7 милиони евра или 18,7%; обувки за 2,6 милиони евра или 39,3%);
- минерални горива и мазива за 12,3% (електрична енергија за 10,0 милиони евра или 27,7%);
- суровини освен гориво за 4,1% (метална руда и отпадоци од метал за 8,5 милиони евра или 11,7%); и
- пијалаци и тутун за 2,1% (тутун и производи од тутун за 2,4 милиони евра или 4,3%).

Позитивно придвижување на извозот се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 3,8% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: електрични машини, апарати и делови за 64,6 милиони евра или 20,9%; индустриски машини и делови за 35,5 милиони евра или 60,5%);
- производи за храна за 9,4% (жита и преработки од жита за 3,6 милиони евра или 13,5%; млечни производи и јајца за 3,3 милиона евра или 37,7%; овошје и зеленчук за 3,0 милиони евра или 4,9%); и
- животински и растителни масла за 53,8% (цврсти растителни масла и

масти, сирови, рафинирани или фракциони за 1,5 милиони евра или 59,4%).

Гледано **по економска намена**, во К-2-2024 пад на извозот е забележан во следните групи производи:

- индустриски набавки за 135,0 милиони евра или 11,6%;
- транспортна опрема за 39,2 милиона евра или 12,6%;
- горива и мазива за 7,7 милиони евра или 13,5% и
- стоки за широка потрошувачка за 5,6 милиони евра или 2,6%.

Зголемување на извозот е забележано во следните групи производи:

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 44,3 милиони евра или 20,7% и
- храна и пијалаци за 15,0 милиони евра или 9,4%.

**Увозот на стоки** во К-2-2024 изнесува 2.806,4 милиони евра и е зголемен за 1,0% во однос на К-2-2023, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 2,5%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, зголемување на увозот во К-2-2024 во однос на К-2-2023 се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 9,6% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: друмски возила за 23,9 милиони евра или 18,9%; погонски машини и уреди за 21,6 милиони евра или 152,3%; индустриски машини и делови за 17,1 милион евра или 23,8%);
- производи за храна за 7,3% (кафе, чај, какао, зачини за 6,7 милиони евра или 25,8%; млечни производи и јајца за 5,1 милион евра или 22,3%);
- разни готови производи за 7,1% (облека за 5,4 милиони евра или 15,7%; монтажни згради, санитарни уреди за 2,1 милион евра или 28,7%);
- пијалаци и тутун за 16,3% (пијалаци за 3,4 милиони евра или 15,2%) и
- животински и растителни масла за 11,3% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 2,0 милиона евра или 15,9%).

Негативно придвижување на увозот се забележува во следните сектори:

- минерални горива и мазива за 6,1% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата гас, природен и индустриски за 31,4 милиони евра или 59,2%);
- производи класирани по материјалот за 2,8% (обоени метали за 23,8 милиони евра или 6,6%; предиво, ткаенини и текстилни производи за 8,9 милиони евра или 7,0%);
- хемиски производи за 2,1% (неоргански хемиски производи за 19,3 милиони евра или 20,2%) и
- суровини освен гориво за 26,1% (метална руда и отпадоци од метал за 13,8 милиони евра или 42,6%).

Гледано **по економска намена**, во К-2-2024 раст на увозот е забележан во следните групи производи:

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 30,4 милиони евра или 6,9%;
- храна и пијалаци за 23,4 милиони евра или 8,8%.
- транспортна опрема за 19,0 милиони евра или 11,5% и
- стоки за широка потрошувачка за 17,9 милиони евра или 6,4%.

Намалување на увозот е забележано во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 35,2 милиона евра или 2,7% и
- горива и мазива за 21,9 милиони евра или 7,4%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-2-2024




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27) во К-2-2024 е намалена за 3,2% во однос на К-2-2023, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 61,2% и е намалено за 0,8 п.п. споредено со вториот квартал од 2023 година. Притоа, во К-2-2024 извозот на стоки учествува со 77,5%, а увозот на стоки со 49,6%.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народната банка на Република Северна Македонија, во К-2-2024 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 111,7 милиони евра, што претставува 3,2% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 3,9% од БДП забележан во истиот квартал од 2023 година.

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-2-2024 е намален за 15,0 милиони евра, односно 11,8%, што целосно се должи на зголемувањето на суфицитот на сметката на услуги за 227,3 милиони евра. Спротивно влијание имаше зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки за 24,7% и на сметката

на примарен доход за 5,4%, како и намалувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 8,6%.

Во К-2-2024 **трговскиот дефицит** е зголемен за 147,3 милиони евра на годишно ниво, додека во процент од кварталниот БДП тој е зголемен за 3,0 п.п. на годишна основа и изнесува 21,3%.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-2-2024 изнесува 241,8 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2023 година тој е зголемен за 227,3 милиони евра.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-2-2024 изнесува 152,0% од кварталниот БДП и во однос на К-2-2023 таа е намалена за 18,5 п.п..

Во К-2-2024, сметката на **примарен доход** забележа дефицит од 194,4 милиони евра и тој е зголемен за 10 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-2-2024 изнесува 584,7 милиони евра и на годишно ниво е намален за 55,0 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на тековните трансфери за 49,8 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 98,9%, како и на намалените официјални трансфери за 5,2 милиона евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 1,1%.

Суфицитот на **капиталната сметка** во К-2-2024 изнесува 0,5 милиони евра наспроти дефицитот од 0,5 милиони евра остварен во К-2-2023. Подобрувањето на салдото на капиталната сметка главно се должи на приливот на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-2-2024 изнесуваат 232,8 милиони евра и во однос на К-2-2023 се зголемени за 85,8 милиони евра. Приливот на СДИ во овој период потекнува од реинвестирањето на добивката на компаниите со странски капитал (по кој основ е остварен 35,3% од

вкупниот прилив на СДИ), должничките инструменти (33,8% од вкупниот прилив на СДИ) и сопственичкиот капитал (30,9% од вкупниот прилив на СДИ).

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-2-2024 изнесуваат 47,3 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година тие се зголемени за 27,3 милиони евра. Ваквите движења во најголем дел се резултат на реоткупот на домашните еврообврзници од страна на резиденти и на отплатата на каматата врз основа на претходно издадени еврообврзници.

**Останатите инвестиции** во К-2-2024 изнесуваат 85,9 милиони евра и во однос на истиот квартал од минатата година се зголемени за 158,3 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 89,7 милиони евра, сметката на трговски кредити и аванси 44,0 милиони евра, додека сметката на заеми бележи негативно салдо од 47,7 милиони евра.

На крајот на вториот квартал од 2024 година, **девизните резерви** изнесуваат 4,3 милијарди евра и во однос на К-2-2023 тие се зголемени за 3,5%. Девизните резерви на крајот на К-2-2024 обезбедуваат 4,5-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.